# HI - TECH

Подготвил:
**Александар КЕЛТАНОСКИ**

## SONY ERICSSON W580

Новите стилизирани Walkman модели од средната класа, кои треба да се појават во третиот квартал на 2007 година, покрај "Style White" и "Urban Grey" колор варијантите, ќе бидат достапни и во црна боја. Всушност, станува збор за интересна комбинација на црна и портокалова боја, што мора да се признае изгледа одлично. Во однос на техничките карактеристики, W580 може да се пофали со 2-инчен дисплеј, Bluetooth 2,0 со A2DP, препознатливиот Walkman плеер и мемориска картичка со капацитет од 512 мегабајти, која доаѓа во пакет со телефонот. Според последните информации, цената на W580 треба да се движи околу 300 евра.



## НОВИ ДОДАТОЦИ ЗА NOKIA

"Nokia" ја освежи својата палета мобилни додатоци со уште три нови модели: новина се BH-604 слушалките, специјално дизајнирани за квалитетно HiFi аудио искуство преку мобилен телефон. Исто така, имаат DSP аудио процесор и посебни копчиња за плеј, пауза, следна песна... итн. BH-604 работат на Bluetooth 2,0. Цената ќе се движи од 120 до 140 евра.







Вториот модел е наменет за љубителите на луксузно и естетски дизајнирани додатоци. Минималистичкиот ексклузивен дизајн јасно дава до знаење дека станува збор за посебна категорија аксесорис, кои во одредена смисла делуваат како модни додатоци.

Малиот 11,3 грамски BH-803 може да се пофали со површина чувствителна на допир за едноставно контролирање на тонот и на останатите команди. Што се однесува до аудио квалитетот BH-803, исто така, има вградена DSP технологија. Цената на оваа ексклузивна Bluetooth слушалка изнесува 160 евра.

